ИСРС ISRS M

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUTI PËR STANDARDIZIM I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 02- 158/10
15 03 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

# ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2022 ГОДИНА

Изработил:
Филип Тасков

Скопје,февруари 2022 год.

Врз основа на член 23, став 1, алинеа 10 од Статутот на Институтот за стандардизација на Република Македонија бр. 02-175/1 од 06.02.2020 година, а во врска со 5 од Правилникот за начинот за определување на висината и плаќањето на членарината бр. 07-763/7 од 23.06.2004 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија на 73-та седница одржана на 25.02.2022 година донесе:

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЧЛЕНАРИНАТА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции како и процентот од просечната месечна нето плата во 2021 година во Република Северна Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите, здруженијата на граѓани и физичките лица.

Член 2

Финансиската единица за пресметка на членарината за претпријатијата и образовните институции изнесува 330 денари.

Член 3

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за пресметка на членарината за институтите-установите изнесува 15%.

Член 4

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за пресметка на членарината за здруженијата на граѓани изнесува 10%.

Член 5

Процентот од просечна месечна исплатена нето-плата во Република Северна Македонија за пресметка на членарината за физичките лица изнесува 5%.

Член 6

Пресметката на висината на членарината за 2022 година по категории членови на ИСРСМ е на направена согласно последните податоци на Државниот завод за статистика на РСМ во однос на просечната нето плата по вработен за (I-XI месец) 2021 година и се составен дел на оваа Одлука. (табеларен приказ)

Член 7

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Скопје,
25.02.2022 година

Претседател на Советна ИСРСМ
Милан Цветковски